Република Северна Македонија
Академија за судии и јавни обвинители
Павел Шатев

КМРСМ
КОМОРА НА МЕДИЈАТОРИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Јавна установа Академија за судии и јавни обвинители
Institucioni publik Akademija për gjykatës dhe prokuror publik
ПАВЕЛ ШАТЕВ-PAVELL SHATEV
Бр.-Nr. 03-531/1
6. 12. 2019 год.-viti
Скопје-Shkup

Бр. 03-79
06.12.2019 год.
СКОПЈЕ

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

склучен на 14.11.2019 година во Скопје, меѓу

**АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ ПАВЕЛ ШАТЕВ Скопје**, со седиште бул. Јане Сандански бр.12, ламела 2 во Скопје, застапувана од Проф д-р Наташа Габер Дамјановска, директор на Академијата

и

**КОМОРА НА МЕДИЈАТОРИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА,** со седиште ул. Димитрие Чуповски бр.9 во Скопје, застапувана од м-р Славе Младеновски, претседател на Комората

Овој Меморандум за соработка се склучува меѓу Академијата за судии и јавни обвинители Павел Шатев Скопје и Комората на Медијатори на Република Северна Македонија, заради остварување заедничка соработка и постигнување на заеднички цели.

**Член 1**

Страните потписнички на овој Меморандум поставија цел да остварат заемна соработка, да реализираат заднички активности и да организираат едукативни настани во областа на алтернативно решавање на спорови со медијација.

## ОБЛАСТИ НА ДЕЈСТВУВАЊЕ

**Член 2**

Страните потписнички на овој Меморандум се согласни да соработуваат во сферите на нивното дејствување преку конкретни активности за подобрување на условите за примена на медијацијата во следниве области: едукација, информирање, право, стопанство, истражување, деловната етика, Европско право и меѓународни стандарди за алтернативно решавање спорови.

Страните потписнички на овој Меморандум се согласни да соработуваат во едукација, стручно усовршување и подобрување на вештините на медијаторите со цел подобрување и зголемување на капацитети на медијаторите за истите со својата работа се насочат кон задоволување на интересите при решавање спорни односи, на начин што претставува етички, професионален и одговорен однос и согласно важечката законска регулатива;

Страните потписнички на овој Меморандум се согласни да соработуваат во информирањето и запознавање на граѓаните и правните субјекти за карактеристиките и можностите, предностите, принципите и правилата на медијацијата во насока на зголемување на сегашното ниво на информираност, во контекст на избор на начин за решавање спор и во медиумска промоција (комуникација и кампања) за подигање на свеста и за значењето на медијацијата;

Страните потписнички на овој Меморандум се согласни да соработуваат во правото, за донесување нормативни решенија со кои се зголемува примената на медијацијата во општеството и во примена на Европските норми, принципи и други меѓународни стандарди за медијацијата; Потоа, да соработуваат во поттикнување на развојот на медијацијата преку континуирано

Република Северна Македонија
Академија за судии и јавни обвинители
Павел Шатев

КМРСМ
КОМОРА НА МЕДИЈАТОРИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

имплементирање и хармонизирање на нормативните решенија во домашното законодавство со законодавството на Европската Унија и со примена на меѓународните стандарди за медијација и нивна имплементација;

Страните потписнички на овој Меморандум се согласни да соработуваат во деловната етика, етиката на медијаторите и кај правни професии во насока на подигнување на нивото на правна култура и јакнење на владеење на правото, промовирање на принципот за пристап до правдата за сите, независно од социјалните, етничките, религиозните, родовите и политичките разлики и одобрување на квалитетот на моралните вредности во општеството;

## УЛОГА И ОДГОВОРНОСТИ НА СУБЈЕКТИТЕ ВО РЕАЛИЗАЦИЈА НА СОРАБОТКАТА

**Член 3**

Страните потписнички на овој Меморандум се согласни дека треба да градат однос на заемна улога и одговорности при реализацијата на придобивките на медијацијата.

Улогата на страните потписнички е со овој Меморандум да испратат јасна порака до граѓаните и до правните субјекти за примена на медијација при решавање различни видови спорни односи. Со укажувањето да се избере медијација како прва и подобна постапка за решавање спор се потенцира општествената одговорност на страните потписнички за јакнење на начелото за владеење на правото и за подобар пристап до правда за секого, при што се постигнуваат повеќе позитивни ефекти, како што се, заштеда на средства од буџетот, ефикасен, брз и практичен начин на решавање спорови внимавајќи на заемниот интерес на две страни во спор, се гради правната култура, се намалува конфликтноста во општеството и се поттикнува деловната соработка, а се негуваат моралните вредности на здраво и хумано општество на граѓаните како основа за подобра иднина.

## ОЧЕКУВАНИ ЕФЕКТИ

**Член 4**

Меморандумот за соработка не е обврзувачки договор за било која од страните, но истиот се донесува со цел преку изјавениот заемен интерес да се поттикне и унапреди медијацијата во Република Северна Македонија на патот кон пристапување и членство во ЕУ.

## ВАЖНОСТ НА МЕМОРАНДУМОТ

**член 5**

Овој Меморандум влегува во сила и се применува сметано од денот на неговото потпишување од двете договорни страни.

**Член 6**

Со оглед на природата на работата на страните потписнички, како и со оглед на потребата од континуирана и суштинска соработка меѓу страните потписници на Меморандумот за соработка, истиот не е временски ограничен.

Овој Меморандум може да се менува или дополнува само по претходно постигната заемна писмена согласност на Договорните страни. Страните потписнички на овој Меморандум измените и дополнувања на Меморандумот настанати по неговото склучување ги вршат спогодбено.

Република Северна Македонија
Академија за судии и јавни обвинители
Павел Шатев

КМРСМ
КОМОРА НА МЕДИЈАТОРИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Сите разлики што може да настанат меѓу потписниците на Меморандумот за соработка, како и од евентуални анекси од истиот се решаваат во духот на пријателски преговори меѓу страните.

Академија за судии и јавни обвинители
Павел Шатев
Директор

---

Проф.д-р Наташа Габер Дамјановска

Комора на Медијатори на РСМ

Претседател,

---

м-р Славе Младеновски